ПЕРК
Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4, втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До: Акционери и Одбор на директори

АД Осигурителна полиса Скопје

Бул. „Климент Охридски“ бр.26

1000 Скопје

## Мислење

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Друштвото АД Осигурителна полиса Скопје (во понатамошниот текст: „Друштвото“), коишто ги вклучуваат извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година, извештај за сеопфатна добивка, извештај за промени во главнината, извештај за паричните текови за годината која завршува тогаш како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Според нашето мислење посебните финансиски извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти финансиската состојба на АД Осигурителна полиса Скопје на 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

## Основа за мислење

Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот Одговорности на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи. Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс на етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за наше мислење.

## Останати прашања

Финансиските извештаи на Друштвото во претходната 2024 година беа ревидирани од друго ревизорско друштво и беше дадено неквалификувано мислење.

## Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации прибавени до датумот на ревизорскиот извештај содржат годишна сметка и годишен извештај за работењето, но не ги вклучуваат финансиски извештаи и нашиот ревизорски извештај. Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив.

Во врска со нашата ревизија на финансиски извештаи наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или со нашето знаење прибавено во ревизијата.

Доколку врз основа на нашата извршена работа на другите информации добиени пред датумот на ревизорскиот извештај заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известивме во однос на ова прашање.

## Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управување за финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и во согласност со регулативата на Агенција за супервизија на осигурување, како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на посебните финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измама или на грешка.

При подготвување на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет обелоденувајќи кога е применливо прашањата поврзани со континуитетот и користење на сметководствена основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управување се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

## Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиски извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не преставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 273/2024) секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 273/2024) применуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешни прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти и лажни заобиколувања на внатрешните контроли.
- Стекнавме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите но не и со цел за изразување на мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзани обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настан или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можност на Друштвото да продолжи да работи под претпоставка на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа идни

настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето меѓу другото и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајни наоди од ревизијата вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние исто така обезбедивме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницирањето со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и онаму каде што е применливо, активностите преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитени мерки.

## Извештај за други правни и регулаторни барања

Менаџментот на Друштвото е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работењето во согласност со член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004 ... 272/2024).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 ... 122/2021) е да известиме дали годишниот извештај за работењето е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи на и за годината која што завршува на 31 декември 2025. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работењето е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работењето се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото АД Осигурителна полиса Скопје за годината која завршува на 31 декември 2025.

Прилеп, 27.02.2026

**Пелагониска Ревизорска Куќа**

**ДООЕЛ Прилеп**

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител

Пецко Ристески

Друштво за ревизија ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА ДООЕЛ Прилеп

| | Белешка | 2025 (000) МКД | 2024 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Заработена премија | 8 | 784.373 | 731.609 |
| Приходи од вложувања | 9 | 50.164 | 46.244 |
| Останати осигурително технички приходи | 10 | 38.867 | 30.577 |
| Останати приходи | 11 | 7.924 | 7.627 |
| **Вкупно приходи** | | **881.328** | **816.057** |
| **Расходи** | | | |
| Надомест на штети, нето | 12 | (276.042) | (248.910) |
| Промени во резервирања за штети, нето | 13 | (25.026) | (31.259) |
| Трошоци за спроведување на осигурувањето | 14 | (379.707) | (354.042) |
| Трошоци од вложувања | | (2.467) | (583) |
| Останати осигурително технички трошоци | 15 | (56.719) | (54.416) |
| Добивки / Загуби поради обезвреднување на побарувања | 24 | (4.764) | 2.235 |
| Трошоци/приходи од резервирања за обврски | 30 | - | - |
| Останати трошоци | | (362) | - |
| **Вкупно расходи** | | **(745.087)** | **(686.975)** |
| **Добивка пред оданочување** | **16** | **136.241** | **129.082** |
| Расход за данок од добивка | 16 | (15.752) | (14.925) |
| **Нето добивка (загуба) за периодот** | 17 | **120.489** | **114.157** |
| **Заработувачка по акција (МКД за 1 акција)** | 17 | **400** | **379** |

Одборот на Директори на АД Осигурителна Полиса на ден 26.02.2026 ги одобрил овие финансиски извештаи за објавување и му ги предложил на Собранието на акционери заради нивно усвојување, а во нивно име ги потпишал:

**Извршен Директор**
**Владимир Тошевски**

Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА * СКОПЈЕ *

| | Белешка | 2025<br>(000) МКД | 2024<br>(000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Нето добивка за периодот** | | **120.489** | **114.157** |
| **Останата сеопфатна добивка:** | | | |
| Промени во објективна вредност на вложувања расположливи за продажба | 21 | 525 | (488) |
| **Вкупно останата сеопфатна добивка** | | **525** | **(488)** |
| **ВКУПНА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **121.014** | **113.669** |

| | Белешка | 2025 (000) МКД | 2024 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Нематеријални средства | 18 | 1.615 | 1.196 |
| Материјални средства | 19 | 194.165 | 156.320 |
| Средства со право на користење | 19.а | 11.557 | - |
| Вложувања во подружници | | - | - |
| Финансиски вложувања: | | | |
| Финансиски вложувања кои се чуваат до доспевање | 20 | 819.027 | 803.027 |
| Финансиски вложувања расположливи за продажба | 21 | 8.177 | 9.776 |
| Финансиски вложувања за тргување | 21 | 1 | 1 |
| Депозити, заеми и останати пласмани | 22 | 417.812 | 382.258 |
| Дел за реосигурување во технички резерви | 23 | 125.013 | 104.260 |
| Побарувања | 24 | 183.990 | 158.963 |
| Однапред платени трошоци и друго | 25 | 156.382 | 142.568 |
| Парични средства и парични еквиваленти | 26 | 9.336 | 22.352 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **1.927.075** | **1.780.721** |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 27 | 184.696 | 184.696 |
| Резерви | | 442.174 | 405.597 |
| Ревалоризациони резерви | | (880) | (1.405) |
| Акумулирана добивка (загуба) | | 120.489 | 114.157 |
| **Вкупно главнина** | | **746.479** | **703.045** |
| **Технички резерви** | | | |
| Преносни премии | 8 | 482.805 | 441.199 |
| Резервации за штети и попусти | 28 | 581.348 | 539.858 |
| **Вкупно технички резерви** | | **1.064.153** | **981.057** |
| **Обврски** | | | |
| Обврски спрема осигуреници | 12 | 677 | 2.312 |
| Обврски спрема застапници и посредници | | 1.416 | 1.257 |
| Останати обврски од осигурување | 29 | 9.299 | 11.521 |
| Обврски по основ на реосигурување | | 21.774 | 19.837 |
| Останати обврски | 29 | 83.277 | 61.692 |
| Резервирања за обврски | 30 | 0 | 0 |
| **Вкупно обврски** | | **116.443** | **96.619** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **1.927.075** | **1.780.721** |

| | Белешка | 2025<br>(000) МКД | 2024<br>(000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативно работење** | | | |
| Приливи од осигурениците | | 973.932 | 919.102 |
| Исплати на осигурениците | | (317.924) | (284.712) |
| Исплати/приливи на/од реосигурувачите | | (85.550) | (78.447) |
| Исплати за вработените | | (146.015) | (133.056) |
| Исплати за провизии на посредници | | (172.785) | (173.418) |
| Исплати за останати расходи од работење | | (116.179) | (108.413) |
| Платен данок на добивка | | (15.569) | (15.708) |
| **Нето парични текови од оперативно работење** | | **119.910** | **125.348** |
| | | | |
| **Парични текови од инвестиционо работење** | | | |
| Нето прилив (одлив) од вложувања во друштва | | - | - |
| Нето прилив (одлив) од депозити во банки | 22 | (35.691) | (48.388) |
| Нето прилив (одлив) од државни записи | 20 | (16.000) | (43.985) |
| Нето прилив (одлив) од вложувања расположливи за продажба | 21 | 2.151 | 2.503 |
| Нето прилив (одлив) од вложувања за тргување | | - | - |
| Нето прилив (одлив) од дадени заеми и други | 22 | - | - |
| Стекнато вложување во НБО | 22 | 137 | (724) |
| Приливи од камати | 9 | 40.143 | 38.551 |
| Купени нематеријални средства | 18 | (430) | (689) |
| Стекнати градежни објекти и опрема | 19 | (45.656) | (691) |
| **Нето парични текови од инвестиционо работење** | | **(55.346)** | **(53.423)** |
| | | | |
| **Парични текови од финансиско работење** | | | |
| Уплата на акционерски капитал | | - | - |
| Исплатена бруто дивиденда | | (77.580) | (79.092) |
| **Нето парични текови од финансиско работење** | | **(77.580)** | **(79.092)** |
| | | | |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | | **(13.016)** | (7.167) |
| | | | |
| **Парични средства на почетокот на годината** | **26** | **22.352** | **29.519** |
| **Парични средства на крајот од годината** | **26** | **9.336** | **22.352** |

| | Основна главнина | | Резерви | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на обични акции | Износ | Законски | Статутарни | Вкупно резерви | Ревалоризациона Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | Вкупно главнина |
| | | (000) МКД | (000) МКД | (000) МКД | (000) МКД | (000) МКД | (000) МКД | (000) МКД |
| **Почетна состојба на 1 јануари 2024** | **300.901** | **184.696** | **43.035** | **330.102** | **373.137** | **(917)** | **111.552** | **668.468** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | - | - | - | 114.157 | **114.157** |
| Усогласувања на вложувања расположливи за продажба до објективна вредност | - | - | - | - | - | (488) | - | **(488)** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **(488)** | **114.157** | **113.669** |
| **Несопственички промени во капиталот** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **Трансакции со сопствениците (сопственички промени во капиталот)** | | | | | | | | |
| Нова емисија на акции | - | - | - | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за бруто дивиденди | - | - | - | - | - | - | (79.092) | **(79.092)** |
| Распределба за резерви | - | - | - | 32.460 | 32.460 | - | (32.460) | **-** |
| **Состојба на ден 31 декември 2024** | **300.901** | **184.696** | **43.035** | **362.562** | **405.597** | **(1.405)** | **114.157** | **703.045** |
| **Сеопфатна добивка** | | | | | | | | |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | - | - | - | 120.489 | **120.489** |
| Усогласувања на вложувања расположливи за продажба до објективна вредност | - | - | - | - | - | 525 | - | **525** |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **525** | **120.489** | **121.014** |
| **Несопственички промени во капиталот** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **Трансакции со сопствениците (сопственички промени во капиталот)** | | | | | | | | |
| Нова емисија на акции | - | - | - | - | - | - | - | **-** |
| Распределба за бруто дивиденди | - | - | - | - | - | - | (77.580) | **(77.580)** |
| Распределба за резерви | - | - | - | 36.577 | 36.577 | - | (36.577) | **-** |
| **Состојба на ден 31 декември 2025** | **300.901** | **184.696** | **43.035** | **399.139** | **442.174** | **(880)** | **120.489** | **746.479** |